РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ
-ГРАДОНАЧАЛНИК-
Бр. 0901 - 142/3
22.04 2026 год.

Врз основа на член 29 и 38 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 16/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.265/24,132/25),Градоначалникот на Општина Свети Николе објавува

ЈАВЕН ОГЛАС

за избор на Директор на Општинска установа

Дом на културата „Крсте Мисирков" - Свети Николе

Кандидатите кои ќе се пријават на јавниот оглас за избор на директор на Општинската установа Дом на културата „Крсте Мисирков" - Свети Николе треба да ги исполнуваат следниве услови:

1. да е државјанин на Република Северна Македонија,
2. во моментот на избирањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција, забрана за вршење на професија, дејност или должност,
3. **има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен на високо образование утврдено со статутот на установата-високо образование (од областа на културата и општествените науки) -општествени науки;**
4. да има минимум пет години работен стаж во областа на културата или пет години работно искуство на работи или проекти во областа на културата врз основа на склучени договори за дело,
5. **да има меѓународно признат сертификат или уверение за познавање на англискиот јазик и тоа** ТОЕФЕЛ ИБТ (**TOEFL IBT**) – најмалку 30 бода, ИЕЛТС (IELTS) – најмалку 3 бода; **КЕТ (KET) (Cambridge English** - положен,; АПТИС (APTIS) – најмалку ниво Б2 (B2); **или да има сертификат, уверение или потврда со кое се потврдува познавањето на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски или германски јазик) на најмалку ниво Б2 (B2) од Европската референтна рамка за јазици, издадени од установа или институција во државата или странство, регистрирана како давател на оваа услуга, освен за наставниците кои ги предаваат предметите англиски јазик, француски јазик или германски јазик.**

6. да достави своја предлог програма за работа и развој за период од четири години на Општинска установа Дом на културата „Крсте Мисирков" - Свети Николе.

Во прилог на пријавата за огласот, кандидатите треба да ја достават следната документација:

- Доказ за државјанство
- Доказ за завршено високо образование
- Доказ дека со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција, забрана за вршење на професија, дејност или должност.
- Доказ за работно искуство;
- Доказ дека поседува еден од погоренаведените меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик.
- Достава на предлог програма за работа и развој за период од четири години на Општинска установа Дом на културата „Крсте Мисирков" - Свети Николе.

Потребните документи се поднесуваат во оригинал или копија заверена на Нотар.Рокот за пријавување на јавниот оглас е 8 (осум) дена од денот на неговото објавување во дневните весници.

Директорот се избира со мандат од 4 години.

Работното време во Дом на културата „Крсте Мисирков" - Свети Николе е од 07:30 до 15:30 часот од понеделник до петок 40 работни часа во неделата,а паричниот износ на нето платата изнесува 56.168 денари.

Пријавата со потребните документи се доставуваат во затворено плико до Општина Свети Николе лично во архивата на Општината или по пошта на следната адреса: ул. „Плоштад Илинден" број 12 со назнака - за оглас за избор на Директор на Општинска установа Дом на културата „Крсте Мисирков" - Свети Николе.Пристигнатите документи ги разгледува трichlена комисија формирана од Градоначалникот на Општина Свети Николе, која е должна во рок од 5(пет) дена од завршувањето на огласот да ги разгледа доставните документи.Комисијата доставува предлог на кандидат за Директор до Градоначалникот.Градоначалникот во рок од 15 дена од денот на добивањето на предлогот врши избор на Директор на **Дом на културата „Крсте Мисирков"** Свети Николе.

Ненавремена,нецелосната и неуредна пријава нема да биде предмет на рзгледување.

Општина Свети Николе

Градоначалник

Дејан Владев